FOREVER

MACEDONIA

Ноември 2015 | Број 169

# ФОРЕВЕР ЕТЕРИЧНИ МАСЛА

## МОЌТА НА МИРИСОТ



## Претставување на Форевер во Струмица, 16.10.2015








## Претставување на Форевер во Гевгелија, 17.10.2015









## Претставување на Форевер бизнис можност-Скопје, 20.10.2015








# Да станеш ОРЕЛ

Орлите не само што летаат, тие лебдат и се извишуваат. Тие се величествени на многу начини и се симбол не само на голема решителност, туку и на вистинска храброст. Кога размислувате за тоа што сте постигнале во својот Форевер бизнис, сакам да се сетите на орлите.

Го избравме ОРЕЛОТ за симбол на компанијата, а подоцна ја создадовме и програмата Менаџер „Орел“, бидејќи сѐ што таа птица симболизира е одраз на нашите сопственици на Форевер бизнис. Секој од вас, а особено тие што постигнале статус Менаџер „Орел“, ги имате карактерните црти на ОРЕЛОТ.



Вие сте лидери. Летате во височините и ги учите другите да го прават истото. Вие сте темпераментни и храбри. Вие не се плашите и ја користите секоја можност. Повторно се сетив на моќта на орелот кога ги видов лицата на нашите Менаџери „Орел“ во Канкун. Постојано слушам нови истории за вашиот успех и како им помагате на другите да успеат. Тие ме инспирираат и од срце ме радува секоја можност да слушнам какви возбудливи нешта правите со својот бизнис.

Со нетрпение ја очекувам секоја следна средба на Менаџерите „Орел“ и новите лица кои ги гледам. Но, прекрасно е да се видат и познатите. Помеѓу вас има петкратни „Орли“, кои се доказ дека е можно не само да полеташ кон нови висини, туку и секоја година да продолжиш да постигнуваш големи цели.

Честитки и за овогодишните, и за петкратните Менаџери „Орел“ – успесите ви се доказ дека посветено им помагате на другите да полетаат високо. Со нетрпение очекувам да ве видам вас и уште многу други во Грција во 2016-та. И додека продолжувате да го градите бизнисот, споделувајќи ги производите и помагајќи им на другите да изгледаат и да се чувствуваат подобро, не заборавајте ги следните зборови:

**Кога ќе се разбесни бура, повеќето птици бараат прибежиште, а ОРЕЛОТ се извишува над неа. Бидете како ОРЛИТЕ и секогаш издигнувајте се над тешкотиите!**

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**

# SUCCESS DAY-31.10.2015




























# Дефинирајте го своето ЗОШТО

Драги пријатели,

Кога пред речиси 15 години го започнавме својот сопствен бизнис со Форевер, најмногу сакавме да имаме повеќе слободно време за семејството, како и доходи кои ќе ни го обезбедат посакуваниот стил на живот. Многу силно ги посакувавме овие нешта и бевме подготвени да направиме сè што е потребно, за да ги постигнеме. Само по неколку години веќе ја имавме исполнето целта да бидеме финансиски независни и да уживаме во сите предности од тоа: имаме сè што е потребно за одличен живот, располагаме со повеќе и поквалитетно слободно време, кое сите заедно го поминуваме, сме патувале и продолжуваме да патуваме низ целиот свет, независни сме од социјалната и политичка ситуација и со радост гледаме како секојдневно илјадници луѓе околу нас исто го менуваат својот живот.

Патот до тука во никој случај не беше лесен, но ние многу добро знаевме што сакаме и што треба да направиме, за да го постигнеме. Тоа ни даде храброст и мотивација, за да не се откажеме.

А што сакате вие? Поубав дом? Поголем или на подобра локација? Нова кола? Да имате јахта? Или доходи кои ќе ви дозволат да дарувате средства на различни добротворни организации? Да поминувате повеќе време со семејството? Каква и да е вашата желба, јасно дефинирајте и напишете ја!

Што сакате да постигнете со Форевер, за да стане сето тоа реалност за вас? Можеби да станете Менаџер во следните пет-шест месеци? Менаџер „Орел“? Да добивате лидерски бонуси и бонус „Скапоцени камења“? Или да учествувате во програмите за стимулирање? Дефинирајте за што мечтаете! Да им помагате на другите? Или пак нешто друго...? Дефинирајте го своето ЗОШТО уште сега! Можеби ќе се запрашате која е целта на ова? Вашето ЗОШТО ќе ви помага во моментите кога сте обесхрабрени или разочарани, ќе ви помага да ги надминете сите тешкотии на вашиот пат. Со него многу добро ќе знаете кои се нештата за кои сте подготвени да станувате порано и да си легнувате покасно. Никогаш нема да ги губите мечтите од предвид и ќе осознаете дека вреди во следните неколку години да вложите труд за нивно исполнување, бидејќи потоа ќе уживате цел живот.

Ние бевме свесни дека кога негативизмот ќе не нападне, а тоа понекогаш се случува речиси секој ден, може да го надминеме така што ќе се фокусираме врз нашите цели, врз нашето ЗОШТО. Го знаевме и најважното



– дека треба да продолжуваме да ги извршуваме потребните дејства независно дали нѝ се допаѓаат, или не.

Што всушност сакаме да ви кажеме со сето ова? Да седнете и да одделите малку време, за да дефинирате што точно сакате, што е потребно да постигнете во Маркетинг планот на Форевер, за да станат вашите цели реалност, и најважното – што сте подготвени да направите. Дали сте спремни да ги промените навиките? Дали сте спремни да се јавувате на три до пет луѓе секој ден, за да ги каните на претходно подготвените од вас три до пет презентации секоја седмица? Дали сте спремни да го надминете стравот од негативните одговори и да не се предавате во следните 12 или 24 месеци?

Ако јасно го дефинирате своето ЗОШТО, сигурни сме дека ќе успеете да направите сè што е потребно за да го живеете посакуваниот живот. Така, како што правиме ние денес.

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

FOREVER

**Стефан и Тања Стаеви**

# Моќни. Докажани. Незаменливи.

**Малкумина знаат дека етеричните масла се користат со илјадници години. Всушност тие се познати како едни од најстарите и најмоќните супстанции на земјата кои го регенерираат телото и духот.**

Древните цивилизации од Рим до Кина ги користеле во парфеми и рецепти за лековити средства. Често биле користени и во духовни и спиритуални ритуали. По ѕидовите на древните египетски храмови се откриени хиероглифи кои опишуваат композиции од ароматни масла, а во садови од алабастер во гробницата на Тутанкамон се пронајдени добро сочувани масла од пред илјадници години.

Со тек на времето повеќето од традиционалните масла се заборавени. Интересот за нив одново се буди дури во почетокот на XX в. Денес современите научници само што започнуваат да ги откриваат нивните безбројни корисни својства и можности.

Етеричните масла претставуваат концентрирани ароматични течности, добиени со дестилација на цветови, листови, семиња, корења, кора и плодови на билки, грмушки и дрвја. Различните масла содржат свои уникатни мешавини од активни состојки. А секоја мешавина од аромати има неповторливи терапевтски својства.

Современите истражувања едвај сега започнуваат да разбираат како точно делуваат етеричните масла. Неколку студии се направени врз сетилата за мирис. Рецепторите со кои ги примаме ароматите се сместени во задниот дел на носната шуплина и се дел од сетилото за мирис. Тие се поврзани директно со лимбичниот систем во мозокот. Рецепторите му сигнализираат на мозокот како да контролира различни невротрансмитери, како што се серотонин и допамин. Комуницирајќи директно со мозокот, етеричните масла можат да влијаат врз физичката, емотивната и умствената состојба. Според научниците на пример лавандата ја стимулира мозочната дејност, која придонесува за опуштање и одмор.

**Секое етерично масло содржи своја уникатна комбинација од состојки со чија помош комуницира со телото и мозокот и дава благотворни ефекти.**

Активните состојки се најважните карактеристики на секое масло и на нив влијаат многу променливи фактори. Некои од факторите се: од кој дел на растението е извлечено маслото, состојбата на почвата, географскиот регион, климата, надморската височина, сезоната на берба, дали се користени вештачки ѓубрива и какви, а исто така и процесот на дестилација.

Во соработка со тим од научници, фармери, арома терапевти и ботаничари, тимот на Форевер Ливинг го обиколи светот за да ги пронајде најдобрите растителни екстракти за создавање на етеричните масла.

Растенијата за етеричните масла се така селектирани и одгледувани, а маслата-така произведени, за да се гарантира највисок квалитет. Кога избиравме од каде ќе ги набавиме плодовите, билките и растенијата за етеричните масла на Форевер, ги имавме во предвид минералниот состав на почвата, климата, местоположбата и постојаноста. По собирањето на внимателно селектираната реколта, од неа се извлекуваат етеричните масла, основно преку парна дестилација и ладно пресување, бидејќи технологијата зависи од видот на растението и маслото.

За да се гарантира квалитетот на производите, секоја серија етерични масла подлежи на детална проценка. Тимовите со долгогодишно искуство во одгледувањето, култивирањето и производството на етерични масла го испитуваат секое растение во моментот на берење и во текот на целиот процес на дестилација, користејќи органолептички тестови и други истражувања на физичките карактеристики, за да го потврдат квалитетот на маслата. Се прават и лабораториски анализи со посредство на гасна хроматографија со спректрометар за маса, за да се оцени и потврди дека активните состојки се присутни во маслото. Утврдените процеси ни помагаат да гарантираме дека секоја серија етерични масла ги исполнува сите барања на Форевер за квалитет и ефикасност.

Форевер Ливинг Продуктс ви ја дава моќта на природата на дланка. Вдишете ја природната свежина на етеричните масла на Форевер и искористете ги едни од најстарите и најмоќни средства за регенерирање на телото и духот кои постојат на земјата. Форевер ѝ даде нова виталност на практиката која беше речиси изгубена. Откријте ги придобивките од Форевер етеричните масла, порачајте го тројниот пакет или целиот пакет уште денес!

# МОЌТА НА МИРИСОТ

**Од моментот кога ќе помирисаме даден мирис, до природната реакција на нашето тело кон него, поминува само миг. Ова е непобитен доказ за моќта на сетилото за мирис, но сепак да ги видиме и научните образложенија за оваа неверојатна реакција во вашето тело.**

## 1 ВДИШЕТЕ ДЛАБОКО

Кога вдишуваме, рецепторите за мирис во носната шуплина испраќаат електрични импулси кон мирисната крушка, која потоа ги пренесува информациите кон лимбичниот систем на мозокот.

## 2 ЛИМБИЧЕН СИСТЕМ

Често се нарекува и емоционален дел на мозокот. Се состои од неколку делови, меѓу кои се и амоновиот рог (нарекуван уште хипокампус) и бадемовидно тело (амигдала). Ја контролира меморијата и расположението. Речиси веднаш може да предизвика емоции и физичка реакција.




## 3 РЕАКЦИЈА НА ОРГАНИЗМОТ

Мирисите предизвикуваат физиолошка реакција во телото. Благодарение на врската помеѓу мирисот и меморијата, одреден мирис може да предизвика чувство на спокој, а друг да го изостри вниманието и да нè разведри.

Тоа го предизвикува мозокот да ги ослободи природните хемикалии во телото, кои можат да нè смират, опуштат или разведрат, освежат и исполнат со енергија. Мирисот и асоцијацијата која нашиот мозок ја прави со него, ја одредуваат реакцијата на телото.

Секогаш кога ќе почувствуваме нов мирис, ние го поврзуваме со околната средина - луѓе, места или настани. Затоа, следниот пат кога повторно ќе го помирисаме истиот мирис, тој автоматски ќе ја евоцира кај нас првата средба и ќе предизвика сеќавање, расположение или чувство.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ОКТОМВРИ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

Илијевска Драгана – Куманово

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајдаров Ристе - Велес
2. Бедиу Медина - Куманово
3. Даут Ајрија и Менјур - Куманово
4. Донева Живана - Куманово
5. Јованова Валентина - Неготино
6. Лупич Данијело - Врање
7. Мартиновски Мише - Скопје
8. Миленковиќ Гордана и Миодраг - Лесковац
9. Николиќ Игор - Врање
10. Раичевиќ Миланка - Беране
11. Спасеска Николина - Гостивар
12. Спасова Тања - Радовиш
13. Стаменова Златица - Неготино
14. Стефановски Томислав - Битола
15. Стоева Вања - Дојран
16. Трајковска Јелица - Скопје
17. Васиљковска Фросина - Куманово

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др. Роза Гелевска
2. Михајловски Слафко
3. Донакова Славица
4. Крстеска Блага
5. Др. Снежана Контра
6. Трајчевска Катерина
7. Златковска Вера
8. Илијевска Драгана
9. Ѓорѓиев Дончо
10. Димовски Младен

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др. Гелевска Роза
2. Донакова Славица
3. Ѓорѓиев Дончо
4. Златковска Вера
5. Димовска Стевица
6. Трајчевска Катерина
7. Михајловски Слафко
8. Крмова Валентина
9. Димовски Младен
10. Др. Контра Снежана




**Претставување на бизнис можноста**
цена 80 денари




**Први чекори до Менаџер**
цена 100 денари




**Каталог на производи**
45 денари

## Претставување на бизнис можностите на Форевер

**Куманово - 17.11.2015,**
**Ресторан Бела Дона, 19 часот**

**Скопје - 24.11.2015,**
**Хотел Порта, 18 часот**

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.